# Стратешки план за период 2024 – 2027
# на
# Организација ЖЕНА – Делчево

Делчево, Ноември 2024

## *Обраќање на претседатката на „Жена“ Делчево*

Организацијата „Жена“ Делчево, ги обединува политиките поврзани со правата на жената, социјалните права и политиките за заштитата од дискриминација. Организацијата „Жена“ Делчево активно и во континуитет подготвува, предлага и имплементира мерки, активности и стратегии кои се однесуваат на подобрување на благосостојбата на жените, јакнење на капацитетите преку директен третман и подршка, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа за подигање на јавната свест, воспоставување на специфични услуги и обезбедување на поголема еднаквост и заштита од секаков вид на дискриминација.

Со реализација на сите поставени цели во Стратешкиот план за периодот 2024-2027 година, ќе се придонесе за подобрување на состојбите во областа на делување на организацијата, пред се во Делчево и микро регионот на Пијанец. Целите што ги имаме поставено со овој план се амбициозни и во сообразност со причината за постоењето на организацијата, и тие бараат вложување на исклучителни напори како и јасен курс за нивна реализација. Нивното остварување е можно само со ангажирање на постојните ресурси и со целосно искористување на капацитетите на организацијата, притоа потпирајќи се на основните принципи и вредности како одлика во работењето на Организација ЖЕНА Делчево.

Организација ЖЕНА Делчево ќе настојува да ги оствари овие приоритети и во услови на постојни и променливи социо- економски услови.

Изработката на стратешкиот план не значи и крај на процесот. На годишно ниво тој ќе биде ревидиран за да се оцени напредокот и истовремено да се идентификуваат новите потреби или проблеми, за да успееме да се движиме во вистинска насока во спроведувањето на стратешкиот план.

## ВОВЕД

Стратешкото планирање е демократски метод за креирање на визијата и начините да се достигне посакуваната иднина на организацијата и служи за насочување на активностите и проектите во насока на развој, претставено во форма на документ-Стратегија за развој.

Стратешкото планирање со организацијата значи рационално управување со неа, што подразбира реално согледување на фактичката состојба и потреби во организацијата и создавање решенија кои реално би можеле да се применат за разрешување на проблемите. Стратешкото планирање е процес на разбирање на ситуациите во кои се наоѓа организацијата, анализа која треба да ги идентификува потребите во сите сфери на работење и врз основа на идентификуваните потреби да се создадат решенија кои би биле возможни за спроведување во обидот да се решат потребите и истите треба да бидат базирани на потребите и приоритетите на целните групи. За да можат решенијата да бидат реално остварливи, заемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните, институциите, вработените и волонтерите, т.е. сите општествени чинители, сакаат да биде организацијата во иднина и начини како да се стигне до таму. Сознанието за овие потреби треба да ја опфати целокупната организациска структура на организацијата и капацитетите на севкупните локални ресурси. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за спроведување од страна на организацијата, а не само нејзини желби и соништа.

Стратешкиот план е рамка за дејствување, која ги зема во предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен економски развој. Стратешкото планирање ја дефинира визијата и стратешките долгорочни цели, како и политиката за развој на организацијата, преку дефинирање на развојна рамка со конкретни развојни цели и мерки, односно програми и/или проекти за нивна реализација на подолг рок. Работата на спроведувањето на поставените задачи од овој документ претставува средство за планирање, планско прилагодување на околината кон промените, утврдување на приоритетите и нивно насочување на ресурсите кон обезбедување на максимално искористување и ставање во функција на развојот на организацијата, остварени преку годишните планови и програмите кои се од големо значење за програмираниот развој за одредена област, согласно законските надлежности за работа на организацијата. Одговорното стратешко планирање низ целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво ги одговараат потребите на мажите и жените. Исто така, поттикнува и промовира цели кои се однесуваат на подобрување на положбата на жените и на маргинализираните групи во заедницата.

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Со цел поквалитетно изготвување на стратешкиот план на организацијата „ЖЕНА “Делчево вклучени беа сите заинтересирани структури во заедницата. Беше направена анализа на надворешните фактори, преку прашалник за перцепцијата на Организација ЖЕНА Делчево кој го пополнија институциите на локално и национално ниво, вработените, волонтерите и претставниците на целната група. Резултатите од прашалникот ја дадоа насоката за подготовка на оваа стратегија.

Пристапот на изработка на Стратегијата на ЖЕНА Делчево беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни. Процесот се одвиваше на тродневна работилница, сумирање и заклучоци по работилницата, подготовка на предлог верзија на Стратешкиот план, негово дефинирање и прифаќање. При изработката на стратегијата во сите фази се внимаваше предложените мерки/активности/цели/резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да се отсликаат потребите на жените и мажите.

На првата работилница секоја од групите работеше на SWOT[1] анализа. Беше спроведена комбинација на SWOT со PESTLE анализа (анализа на надворешна околина, социјален контекст, законодавство и животна средина), со цел да се добие сеопфатна анализа на моменталната состојба во која се наоѓа организацијата. На втората работилница беа дефинирани визијата и мисијата. Поаѓајќи од изготвената SWOT анализа работните групи на втората работилница, ги дефинираа стратешките и краткорочните цели. Секоја од групите поделени по области како на првата работилница, преку аргументирана дискусија ги одбираа стратешките приоритети. Посебно внимание беше посветено на избор на приоритети кои се остварливи и реални. На третата работилница согласно поставените цели се предлагаа конкретните мерки/активности, т.е. конкретните проекти кои треба да се спроведат. По втората работилница, во еден документ, беа сумирани резултатите од работилниците, а потоа поврзани со профилот на организацијата „Жена“ Делчево. По добивањето на првата верзија на стратешкиот документ истиот беше ставен на дискусија, со цел сите кои немале можност да учествуваат на работилниците да ги дадат своите видувања, идеи и коментари. Коментарите и забелешките од сите релевантни чинители се интегрирани во “Стратегијата за развој на ЖЕНА Делчево.

## Извршно резиме

Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени насоките за работата на организацијата за следниот четиригодишен период, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на ЖЕНА Делчево. Водени од сознанието дека стратегијата е потребна за успешно остварување на мисијата на организацијата ЖЕНА Делчево изработи стратешки план за четири години. Стратешкиот план кој се однесува на период 2025-2028 год ги содржи сите идентификувани приоритети според кои беа направени стратешките цели и насоки.

Стратешкиот план е поделен на неколку делови кои соодветно ги отсликуваат фазите на неговата изработка и утврдување:

- Надворешна анализа - (Анализа на опкружување, анализа на работењето на организацијата, анализа на функционирање на релевантните чинители каде делува организацијата)
- Внатрешна анализа на јаки и слаби страни на организацијата „Жена“ Делчево
- Дефинирање на можностите и заканите
- Утврдување на стратешките цели на организацијата
- (Ре)дефинирање на мисија и визија
- Марки и активности за остварување на стратешки цели
- Временска рамка

[1] Резултатите од SWOT анализата се дадени во подолу во засебна глава

- Буџет
- План за набљудување и оценување

Вредностите и начелата за кои се залага организација и кои ги практикува се:

- Еднаквост
- Танспарентност
- Толерантност
- Законитост
- Отчетност
- Одговорност
- Хуманост
- Чувство на припадност/сопственост
- Солидарност
- Тимска работа
- Меѓусебен дијалог
- Промоција на антикорупциски практики

Овие вредности и начела ја отсликуваат заложбата на организацијата „Жена“ Делчево за остварување на поставената мисија и визија и истите ќе бидат практикувани и во наредниот период.

## 1. Профил на организацијата

Организацијата ЖЕНА Делчево е формирана во 2005 година како Здружение на граѓани „ЛЕШКИ“ и цел на постоењето беше заштита на животната средина, подршка на алтернативниот туризам и помош и подршка во изнаоѓање и имплементација на мерки за рурален развој. До 2018 година здружението делуваше преку организирање на доброволни локални акации за заштита и одржување на здрава животна средина. Во тој период се реализираше еден проект со наслов „Одржлив развој на туризмот-средство за прекугранична кохезија и напредок“ кој е беше финасиски поддршан од ИНТЕРРЕГ ИПА прекугранична програма Бугарија/Македонија. Во меѓувреме се направи генерациска промена во членовите на здружението, со волонтерите кои во поголем број беа жени. Поаѓајќи од структирата на членовите и интересите и потребите на граѓаните како и правецот на интересите на Европската Унија за претпристапните преговори за членство во Унијата, во март 2021 година се пристапи кон пререгистрација на Здружението „ЛЕШКИ“. Се одржа Собрание на кое се промени управувачката структура, се дефинираа мисијата и визијата и новите цели задачи и се промени името на здружението во Организација ЖЕНА Делчево.

Во периодот од 2021 до 2024 година Организација ЖЕНА Делчево работеше во следните области:

- Родова еднаквост и млади
- Локален економски развој и социјална инклузија
- Климатските промени, зелената агенда и заштита на животната средина
- Здравје, здравствена заштита на жените и маргинализираните групи
- Меѓусекотрска соработка за подобрување на состојбата на жените во регионот
- Добро управување и владеењето на правото и борба прортив корупцијата

Во овој период Организација ЖЕНА Делчево спроведе истражување „Семејното насилство во Источнито регион-преглед на состојби 2019-2023“ [2] кој документ дава препораки за постапување на институциите на локално ниво кои беа предмет на анлизата за подобрување на услугите на жените-жртви на насилство.
Организација ЖЕНА Делчево во соработка со Локалниот младински совет и младите од општина Делчево учествуваше во изготвувањето на локалната Стратегија за млади.
Организација ЖЕНА Делчево е регистрирано во Министерството за правда како организација која дава бесплатна примарна правна помош на граѓаните и дава услуги за психосоцијална поддршка на жените-жртви на насилство.
Здружението има реализирно низа активности за превенција од насилство врз жените како и кампањи за јакнење на свеста за правата на жените. Организацијата „Жена“ Делчево во партнерство со МОФ го управува Локалниот центар каде дејствува Дебатниот клуб на млади и клубот за артивизам. Во рамки на активностите на Организација ЖЕНА Делчево е и ХАБ-от за Роми.
Организација ЖЕНА Делчево е член на повеќе меѓународни мрежи како: Меѓународна асоцијација чекор по чекор, Европско здружение за јавно здравје, Здружение на параправници од Југоисточна Европа, Мрежа CoPASH- мониторинг на заедницата за одговорност во здравството и социјална отчетност; Здравствена мрежа на Ромите; и домашни мрежи: Партнерство за отвореан власт, Работна група за следење на реформите во јавната администрација-Институт за европски политики, Отворена порта Ластрада-Мрежа против трговија со луѓе, Мрежа на ромски невладини организации за унапредување на давателите на здравствени и социјални услуги Роми и Ана Линд мрежата.

## 2. Надворешна средина, анализа и предизвици

Уставот на Република Северна Македонија [3] е највисокиот правен акт во државата, кој во својата Преамбула ја гарантира еднаквоста на сите граѓани. Во членот 9 се предвидува дека: „Граѓаните се еднакви во слободите и правата, без оглед на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, како и имотна и општествена положба. Сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите.“ Ограничувањето на слободите и правата на поединецот е дозволено само во случаи утврдени со Уставот, но и тогаш не смее да има дискриминација по горенаведените основи (член 23).

Родовата еднаквост е еден од клучните приоритети и заложби на Република Северна Македонија. Со пристапувањето кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) во 1991 година и потпишувањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција во 1995 година, државата се обврза да го подобри статусот на жените и да ги зајакне нивните позиции во јавниот и приватниот живот. Како кандидат за членство во Европската Унија, Северна

[2] https://zena.org.mk/%d0%b8%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%b6%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0/

[3] https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

Македонија има обврска да постигне и правна и фактичка родова еднаквост, како и да обезбеди целосен развој и унапредување на правата на жените.

Првиот Закон за еднакви можности на мажите и жените беше донесен во 2006 година, а дополнително е изменет и дополнет во 2012 и 2014 година. Овој закон има за цел да обезбеди еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот – политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената и граѓанската. Тој ги дефинира основните принципи за еднаква застапеност и учество во општествените процеси.

На ова се надоврзува Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, која е актуелниот стратешки документ на Република Северна Македонија. Оваа стратегија нуди сеопфатна рамка за активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост, фокусирајќи се на намалување на нееднаквостите на пазарот на трудот, родовиот јаз и неплатената работа на жените и девојките. Дополнително, се истакнува важноста на вклучувањето на жените во заштитата на животната средина, справувањето со климатските промени и зголеменото учество на жените во политиката и носењето одлуки.

Стратегијата ја препознава врската помеѓу сексизмот и насилството врз жените и девојките, како и влијанието на родовите стереотипи врз однесувањето на мажите и момчињата.

Новиот предлог-закон за родова еднаквост има за цел да обезбеди потполна родова еднаквост во сите аспекти на јавниот и приватниот живот, преку елиминирање на родовите стереотипи и предрасуди, и создавање мерки за нивно надминување. Во Законот за спречување и заштита од дискриминација, донесен во 2020 година, се утврдени видовите дискриминација и постапките за заштита, со посебен акцент на начелото на еднаквост.

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 се темели на принципот на интерсекционалност, третирајќи ги различните аспекти на човековата идентитет и испреплетеноста на дискриминацијата. Законите и мерките за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, донесени во 2021 година, обезбедуваат родово чувствителни решенија за превенција и заштита од насилство, со цел да се постигне родова еднаквост.

И покрај одредениот напредок во областа на родовите прашања во последниве години, благодарение на имплементацијата на меѓународни стандарди, домашната легислатива, институционалното програмирање и соработката со граѓанските организации, остануваат значителни предизвици во постигнувањето на родовата еднаквост. Проблемите, како што се родово-базираната дискриминација на работното место, недостигот на социјална инфраструктура за грижа за деца и лица во потреба, стереотипните образовни содржини, ограничениот пристап до здравствени услуги за жени и родово-базираното насилство, сè уште бараат сериозни подобрувања.

Во Република Северна Македонија, повеќе од половината од жените во работоспособна возраст не се ниту вработени ниту пријавени во Агенцијата за вработување, а повеќе од половината од нив не бараат работа поради обврските за грижа за семејството. Жените се одговорни за неплатената домашна работа поврзана со грижа за домот, децата и лицата кои имаат потреба од поддршка. Повеќе од половина од нивната работна активност е неплатена, а платената работа е помалку вреднувана во споредба со таа на мажите.

Ова покажува дека сме далеку од постигнување на родова еднаквост, а за да се надминат овие предизвици, потребни се системски промени за подобрување на статусот на жените во општеството.

Општина Делчево има усвоено Стратегија за родова еднаквост за регионот Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 година [4] која се имплементира во мал обем.

Имено, Локалната самоуправа на општина Делчево втора година по ред не објавува повик за финансирање акции од граѓански организации иако постои Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Делчево 2024-2028 година. [5] Официјално објаснување за ова нема, но неофицијално декларативните средства во буџетот на општината се пренаменуваат за други намени. Заклучокот е дека општините сѐ уште не ги гледаат граѓанските организации како значајни чинители и долгорочни партнери во процесот на развој на заедницата. Недостигот од такво финансирање го загрозува опстанокот на локалните невладини организации, кои се и онака се помали на број, особено организациите кои се залагаат за правата на жените.

Антиродовите движења добија замав во 2023 година, бидејќи соседните општини како Пехчево и Берово веќе вршеа притисок врз советниците да го променат јазикот во официјалните документи. Терминот „родова еднаквост" беше преформулиран како „полова еднаквост".

Во РС Македонија, како и во многу други делови од светот, жените се соочуваат со различни предизвици и проблеми кои влијаат на остварувањето на нивните права.

Жените во Македонија често се соочуваат со нееднаквост на пазарот на трудот и имаат поголема веројатност да работат на ниско платени, несигурни или неформални позиции. Дополнително, пристапот до финансиски ресурси, сопственост на имот и можности за економска независност е ограничен за жените. Од друга страна, ваквата економска зависност е предуслов за постоење на физичко, психичко и сексуално насилство врз жените. Насилството врз жените е сериозен проблем, вклучувајќи семејно насилство, сексуално насилство и други форми на злоупотреба.

Во политичката сфера, жените во Македонија се соочуваат со предизвици во однос на нивната застапеност и влијание. Нивната улога во процесите на одлучување е ограничена поради општествените и културните очекувања, како и поради системските бариери за нивно вклучување во политичките институции. Квоти за учество на жените во политиката сѐ уште постојат при претставување на граѓаните на листите на претставници од двете најголеми политички партии во Македонија.

Иако до пред неколку години се правеа чекори на овој план, почнувајќи од Локалните избори во 2021 година, застапеноста на жените во политиката назадува. Ова е видливо во бројот на градоначалнички (има само две жени градоначалнички) и во бројот на жени на министерски позиции и високи раководни функции.

Клучните предизвици за правата на жените во Македонија се поврзани со сите овие аспекти, а нивното присуство и влијание се протега низ целата земја, локалните заедници, како и

[4] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Strategija-za-rodova-ednakvost.pdf
[5] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/OK-FINALEN-NATSRT-Strategija-GS-Delchevo-2024-2028-30.12.2023-1-1-1.pdf

институционалните и општествените структури. Надминувањето на овие предизвици бара широк ангажман од општеството како целина, вклучувајќи ги владините институции, граѓанските организации и самите жени.

За да се справиме со сите овие предизвици како граѓанска организација која се фокусира на потребите и прашањата на жените во регионот каде што работиме, треба да имаме стратешки пристап за подобрување на положбата на жената и инкорпорирање на родовата еднаквост во локалниот живот.

Донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики [6] дава можност за зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога.

Сепак, на локално ниво, младите остануваат недоволно организирани и слабо информирани за своите права и можностите за вработување преку мерките што ги нуди Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ). Дополнително, квалитетот на живот во областа на културата и спортот е далеку под посакуваните стандарди. Стратегијата за млади на општина Делчево[7] дава можност за партиципативно учество на младите во општествениот живот во соработка со локалните институции.

Социјално ранливите категории на граѓани се секогаш во фокус на работа на Организација ЖЕНА Делчево.

Канцеларијата за пружање на услугата за примарна правна помош работи согласно Законот за бесплатна правна помош [8]и Законот за социјална заштита[9]. Таргетиравме низа системски проблеми како проблемот со исплата на пензиите на лицата кои работеле во Италија како и проблемот на брачните другари на корисниците на социјална пензија кои немат здравствено осигурување поради тоа што само носителот на правото може да има здравствено осигурување.

Дополнително, климатските промени дополнително влијаат врз квалитетот на живот на жените и социјално ранливите категории на граѓани (повисоки цени, загадување на воздух и сл).

Делчево беше зафатено до голем шумски пожар во летото 2021 година и од тогаш има драстична промена на климата која влијае врз здравјето на луѓето.

Нерамнотежата на екосистемот во изгорените шуми има многу аспекти на влијание врз жените во општеството, и затоа е важно да се преземат мерки за заштита и обновување на шумите и поддршка на жените во погодените заедници.

---

[6] https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/zakon-za-mladinsko-ucestvo-i-mladinski-politiki-2019.pdf
[7] https://www.delcevo.gov.mk/dneven-red-na-sednica-na-sovet/30955
[8] https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/Zakon%20za%20besplatna%20pravna%20pomos.pdf
[9] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

Во Северна Македонија, институционалната рамка за справување со овие последици сѐ уште не е завршена. Веќе две години се чека да се донесе Законот за климатска акција, кој треба да ја подобри отпорноста и подобрата адаптација на општеството кон ефектите од климатските промени, особено справувањето со екстремните настани, вклучително и шумските пожари.

За нас како организација е предизвик да се вклучиме во решавање и олеснување на овие проблеми кои не засегаат како граѓани, но предизвик е и изнаоѓање на финансиски средства. Ограничените расурси од државата негативно влијаат врз спроведувањето на иницијативите.

Од друга страна, наидуваме на поддршка од страна на локални институции во регионот кои се активни во областите на кои работиме и не поддржуваат. Со дел од нив во 2024 формиравме координативни тела за борба против семејното насилство во три општини (Делчево, Берово и Пехчево) .

**Целни групи**

Во спроведувањето на приоритетите и активностите на организацијата, предвидени со Стратешкиот план, организацијата Жена Делчево ќе соработува и ќе им се обраќа на различни целни групи, кои се директно или индиректно засегнати од активностите кои ги спроведува организацијата. Имајќи ги предвид стратешките цели и приоритети, со оваа стратегија „Жена“ планира воспоставување, интензивирање и унапредување на соработката пред се со лицата во социјален ризик, во Делчево и во Источниот плански регион, како и со следните целни групи:

- **Жени:** Организацијата се фокусира на жени, вклучувајќи рурални жени, жени претприемачи и жени во криза.
- **Млади:** Специфични програми се насочени кон млади луѓе, кои се вклучени во проекти за родова еднаквост и еколошки активности.
- **Маргинализирани групи:** Обезбедување на поддршка за маргинализирани групи, вклучувајќи жени со посебни потреби и жени од загрозени средини.
- **Роми:** Програми насочени кон подобрување на положбата на Ромите, посебно на жената Ромка.
- **Институции на локално и национално ниво:** Соработка со локални и национални власти за спроведување на стратегии за родова еднаквост.
- **Медиуми:** Вклучување на медиумите во промоцијата на правата на жените и едукацијата на јавноста за родова еднаквост.
- **Национални, регионални и локални интерсекторски тела:** Активна соработка со интеректорките тела (Комисиите) за еднакви можности и за борба против семејно базирано насилство за развивање на програми и иницијативи што ќе помогнат во остварување на целите на организацијата.
- **Национални, регионални и локални институции:** Соработката со институциите е клучна за предлагање и имплементација на политики за подобрување во областите во кои организацијата делува. Овде посебно важна е улогата и соработката со Народниот Правобранител.
- **Локални, регионални, национални и меѓународни** граѓански организации.
- **Мали и средни претпријатија од регионот:** промоцијата и поттикнувањето на мерките за вработување, како и зголемувањето на капацитетите за вработливост ја вклучува и директната соработка со бизнисот.

## 3. Анализа на капацитети (SWOT)

| Силни страни (S) | Слаби страни(W) |
|---|---|
| Искусен тим<br>Мотивација<br>Основна техничка екипираност<br>Солидна техничка опрема<br>Диверзитет на луѓе<br>Членовите се препознаени кај донаторите<br>Углед на локално ниво<br>Повеќе луѓе кои знаат да пишуваат проекти<br>Има простор<br>Тим со отворен ум<br>Тековни проекти<br>Експертиза<br>Хаб за Роми активност<br>Подрачна канцеларија на МОФ (дебатен клуб)<br>Бесплатна правна помош активност<br>Психосоцијална поддршка – бесплатна активност<br>Млади кои сакаат да се вклучат<br>Добра соработка со локални институции<br>Соработка со ГО од ИПР<br>Членки на НМСМ, Отворена порта, Отворена власт<br>Добра соработка со локални медиуми<br>Сите кое се вклучени се платени<br>Просторија за активности во с. Црник активности | Нова, недоволно препознаена организација<br>Некоректна конкуренција од други ГО и личности<br>Теренска активност<br>Вештини за социјални мрежи<br>Нема процедура за работа на социјални мрежи<br>Поголем простор за активности<br>Недоволно компјутерски вештини (excel)<br>Пристап за инвалидни лица<br>Волонтери<br>Вештини за комуникација со јавност<br>Развој на тимот – англиски јазик<br>ТоТ – за обуки<br>Нема службено возило<br>Нема ефективна соработка со мрежите<br>Нема хигиеничарка<br>Повеќе време за подобар пристап до Роми<br>Нема активности во Виница (имало порано и има клиенти)<br>Повеќе проекти во општините од регионот<br>Зависност од проекти<br>Регистрација како давател на услуги во МТСП |
| **Можности (O)**<br>Тековни конкурси<br>Меѓугранична соработка<br>Апликации од кои се чека одговор<br>Млади Роми кои можат да овозможат подобар пристап до заедницата<br>Регистрација како даватели на услуги во МТСП активност<br>Интерсекторски тела за борба против семејно насилство активност<br>Ерасмус +<br>Политички фигури за поддршка<br>Промена на локална власт<br>Медиумска покриеност на национално ниво | **Закани (T)**<br>Политизација – партизација<br>Промена на локалната власт<br>Повлекување на донатори<br>Повлекување на средства од донаторите<br>Инфлација/економска криза |

## 4. Анализа на засегнати страни

Анализата на засегнатите страни се однесува на степенот на засегнатост и обемот на влијание на различните фактори врз развојот на граѓанското општество. Во овој случај анализата покажа дека постои дискрепанција помеѓу засегнатоста на одредени актери и обемот на влијание врз испитуваната сфера. Се покажа дека граѓанските организации, младите и припадниците на маргинализирани групи, кои се високо засегнати актери имаат релативно ниско влијание врз процесите на развој на граѓанското општество. Од друга страна, очекувано, во групата со висока засегнатост и високо влијание се издвоија националните институции, образовните институции (училиштата) и граѓаните. Во групата на ниска засегнатост и ниско влијание детектирани беа месните и урбаните заедници, како и партнерските организации од граѓанскиот сектор. Последната група со ниска засегнатост, а високо влијание ги посочи донаторите, локалните самоуправи, медиумите, политичките партии, како и релевантните чинители од бизнис секторот.

| **ЗАСЕГНАТОСТ: ВИСОКА<br>ВЛИЈАНИЕ: НИСКО** | **ЗАСЕГНАТОСТ: ВИСОКА<br>ВЛИЈАНИЕ: ВИСОКО** |
|---|---|
| Жени<br>Граѓански организации<br>Млади<br>Маргинализирани групи | Национални институции<br>Образовни институции (училишта)<br>Граѓани |
| **ЗАСЕГНАТОСТ: НИСКА<br>ВЛИЈАНИЕ: НИСКО** | **ЗАСЕГНАТОСТ: НИСКА<br>ВЛИЈАНИЕ: ВИСОКО** |
| Месни заедници/урбани заедници<br>Партнерски организации | Донатори<br>Локална самоуправа<br>Медиуми<br>Политички партии<br>Релевантни чинители од бизнис секторот |

## 5. План за развој на капацитетите на Организација ЖЕНА Делчево

Организација „Жена“ Делчево има 6 вработени лица со полно работно време, 1 лице со скратено работно време и 2 лица хонорарно. Во изминатите четири години во просек има 50 волонтери годишно кои се дел од рализацијата на проектни активности на организацијата. Бројот на членовите на Собранието на организацијата во моментот изнесува 5 лица.

За поуспешно управување и раководење, организацијата воспоставува свои организациски политики кои вклучуваат примена на Правилникот за канцеларија, Правилник за финансиско раководење, Етички кодекс на вработените и волонтерите, Правилник за набавки, Правилник за патни и дневни трошоци.

Во следниот период потребно е организацијата да се фокусира на внатршното јакнење и на човечкиот капитал, но и на институционалните капацитети.

Потребно е се да развијат и усвојат правилници и Деловници за работа на Собрание, Комуникациска стратегија и Правилник за волонтери.

Исто така потребно е, континуирано да се унапредуваат техничките и просторните услови за работа.

Еден од аспектите кон кој „Жена“ би требало да се фокусира во идниот период е иновацијата, односно развојот на иновативниот капитал на „Жена“. Вмрежувањето со други граѓански организации од земјата и од регионот, размената на искуства и добри практики, како и поинтензивното вклучување на волонтери во активностите на организацијата и проширување на тимот на активисти може да послужи како добра основа за развој на овој аспект.
Како уште едно поле, кон чие унапредување организацијата би требало да се насочи во своето идно дејствување е полето на внатрешната хиерархија. Имено, недоволната систематизација и нессодветната распределба на обврските кои се покажаа како слабости на организацијата во SWOT анализата претставуваат сфера во која е потребно унапредување на внатрешната организација на организацијата, со цел зголемување на ефикасноста во дејствувањето. Компетитивноста, особено компетитивноста насочена кон надвор, се покажа како фактор кој ја обезбедува стабилноста на организацијата.

Насоки на среден рок:

- Инвестирање во и поттикнување на иновативниот капитал на ЖЕНА Делчево
- Работа на внатрешни процедури и правила;
- Работа на систематизација на позициите во организацијата;
- Ширење на соработката со граѓански организации од земјата и регионот;
- Ширење на мрежата на волонтери и членови на тимот на организацијата;
- Одржување на компетитивноста во рамките на организацијата.
- Едукација, градење на капацитети, БПП, советувалиште за психо социјална поддршка, менторство;
- Превземање на активности за здружување во сојузи или други облици на здружување како зачленување во меѓународни организации и здруженија на жените;
- Соработка со организации за пружање на помош и самопомош во областа на родовата еднаквост.

## 6. Стратегија за организациски развој

### 6.1 Визија

Општество во кое се почитуваат различностите и се остваруваат правата на граѓаните.

### 6.2 Мисија

Организацијата Жена Делчево има мисија да ги зајакне жените, младите и маргинализираните групи да бидат активни чинители во сите области на општественото живеење, преку едукација, информирање и поттикнување на иницијативи и акции за одржлив развој.

### 6.3 Стратешки цели, резултати и активности

СЦ1 Заштита и промоција на правата на жените

Резултати:

- Зајакната улогата на жената во општеството;

- Подобрена пракса на остварување на правата на жената утврдени во Уставот и нејзината соодветна застапеност во сите сфери на општественото делување и одлучување;
- Подобрена економската независност на жената и положбата на руралната жена;
- Унапредени културните и мултикултурните интереси на жените;
- Информирани и сензибилизирани граѓани за проблемите со насилство врз жените и семејно насилство;
- Подобрена соработка и координација со локалните тела за превенција и заштита од семејно и родово базирано насилство.

Активности:

- Организирање на информативни настани за проблемите со насилство врз жените и семејно насилство пред релевантните институции и пошироката јавност;
- Превентивни активности – кампањи, едукативни трибини за пошироката јавност, актуелизирање на законската регулатива итн;
- Родово сензибилизирање и промовирање на меѓународните документи поврзани со насилството врз жените вклучително и семејното насилство кај релевантните институции, организации итн;
- Обезбедување услови за спроведување на мерките на активна здравствена и социјална заштита на жените;
- Промоција на достапните програми за самовработување и социјално претприемништво и активирање на жените за користење на овие програми;
- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки;
- Организирање обуки, работилници и други настани за јакнење на положбата на руралната жена;
- Одбележување на светски денови за борба против насилство врз жените и семејно базирано насилство;
- Промоција и подршка на евроатлантските интеграции и прекуграничната соработка во областа на родовата рамноправност;
- Следење на имплементацијата на локалните акциони планови во однос на квалитетот на услугите како и анализа на примената на легислативата на локално ниво.
- Застапување за вклучување на родово сензитивни превентивни програми во сите сфери на локално ниво;
- Покренување на иницијативи за доброволно делување на жените (помош на загрозени од елементарни непогоди, помош на болни, стари и изнемоштени лица и незгрижени деца).

СЦ2. Заштита и унапредување на правата на маргинализираните заедници и нивна промоција

Резултат:

- Зголемување на свесноста и информираноста за правата на маргинализираните заедници
- Промоција на правото на еднакви можности и инклузија
- Јакнење на капацитетите на маргинализираните заедници за активно учество во општествениот живо

- Промоција на правото на здравствена заштита за маргинализираните групи
- Правна заштита и помош за маргинализираните заедници
- Поголема медиумска видливост на маргинализираните заедници

Активности:

- Организирање на информативни сесии, работилници и предавања за правата на маргинализираните групи (Роми, социјално загрозени лица, самохрани родители, лица со инвалидитет и други).
- Публикување на информативни материјали: Создавање на брошури, постери, веб-страни или видео-содржини што ги објаснуваат правата и достапните услуги.
- Залагање за имплементација и следење на законодавството што обезбедува еднакви права за маргинализираните заедници.
- Промовирање на рамноправноста во вработувањето, обука за инклузивност и унапредување на заедничките стандарди за правата на работниците.
- Формирање на платформи за консултации со маргинализираните заедници во процесите на донесување на одлуки
- Организирање на здравствени тестови, прегледи и предавања за здравствената грижа на маргинализираните заедници.
- Создавање на ресурси што ги информираат маргинализираните групи за нивните здравствени права и како да ги користат.
- Обезбедување на правни советодавни услуги: Канцеларија за бесплатна правна помош за правни услуги на маргинализирани групи.
- Лобирање за законодавни измени во корист на правата на маргинализираните заедници.
- Работа со медиумите за создавање позитивни и автентични приказни за маргинализираните групи.

СЦ3 Зајакнато учество на младите во креирањето и имплементацијата на локалните политики

Резултати:

- Информирани млади за можностите за учество во креирањето јавни политики и донесување одлуки;
- Проактивни млади кои придонесуваат за позитивни промени во заедницата;
- Зајакнати капацитети на младите за дебата, активизам, застапување, организирање настани;
- Подобрени услови за зголемување на вработливост на младите.

Активности:

- Следење на работата и поддршка на Советот на млади на општина Делчево;
- Организрање обуки и работилници за млади за дебата и активизам;
- Организирање на обуки и настани за подобрување на условите на младите на локално ниво;

- Информирање на младите за можностите за поголема вработливост преку вклучување во обуки, практикантство, самовработување и сл.

С.Ц 4. Придонес кон намалувањето на ефектите од климатските промени

Резултати:

- Промовирана зелената агенда;
- Информирани граѓани за климатските промени и нивното влијание врз здравјето на луѓето, посебно на жените;
- Информирани и едуцирани граѓани и заедници кои активно учествуваат во заштитата на животната средина;
- Зголемена благосостојба на заедницата преку здрава и чиста околина.

Активности:

- Покренување иницијативи за заштита на природата со цел унапредување на физичкото и менталното здравје на жената;
- Спроведување информативни кампањи за запознавање на граѓаните со зелена агенда;
- Организирање обуки, работилници и др. настани за едукација на заедницата за климатските промени и одржливи практики;
- Активности за поттикнување на инвестирањето во обновливи извори на енергија на локално ниво;
- Спроведување програми за рециклирање и намалување на отпадот;
- Поддршка на јавниот превоз, велоспедски патеки и пешачки зони за намалување на емисиите од транспортот;
- Организирање на локални акции за садење дрва и зеленило во урбани и рурални области.

## 6.4 Мониторинг и евалуација

Организација ЖЕНА Делчево го смета набљудувањето и оценувањето на спроведувањето на стратегијата за клучен фактор во одредувањето на успехот на преземените активности. Механизмите за набљудување и оценување на ефектите и на успешноста на реализацијата на оваа стратегија се:

- Внатрешен мониторинг од страна на координаторот на соодветниот проект;
- Секојдневно следење на спроведувањето на проектот од страна на координаторот и на неделен состанок да се известуваат останатите вработени за текот на реализација на истиот;
- Координаторот на проектот да ги разгледува заклучоците од спроведените активности по програми, односно проекти, и следствено на тоа продолжува со истата или изменета методологија на работа;
- На месечно ниво се мерат резултатите од активностите, а на секое тромеесечје, се мерат резултатите од краткорочните цели;
- По завршувањето на проектот, проценката се врши врз основа на степенот на постигнати и очекувани резултати на проектните цели;

- Како методи за евалуација да се користат евалуациони листи по завршена активност, месечни табели со предвидени и реализирани активности, неделни состаноци со вработените;
- Надворешна евалуација по завршување на времетраењето на организациската Стратегија и програмска евалуација по завршувањето на секоја пооделна програма;
- Редовен мониторинг на медиумите за известувањето во врска со работата на Организација ЖЕНА Делчево;
- Прашалници за учесниците во работилниците/активностите;
- Формирање на фокус групи со цел добивање повратни информации за успешноста на реализираните активности;
- Прибирање повратни информации од страна на корисниците на услугите;
- Прибирање повратни информации од страна на останатите целни групи на оваа стратегија.

Индикатори кои се определени да се следат на ниво на стратегија за да се оцени успешноста на истата се:

- Број на дадени советувања и помош преку БПП;
- Број на корисници (сегрегирано по пол, возраст, урбано/рурално);
- Број на организирани настани (обуки, работилници, менторства и сл.).

За да можат да се следат овие индикатори, организацијата ќе развие внатрешна процедура за евалуација при што ќе се определи матрица за прибирање податоци и фрекфенција на прибирање на податоци, како и лице кое ќе биде назначено да ги прибира и обработува овие податоци.

## 7. План за комуникација

За да може да се подобри видливоста на организацијата како и комуникацијата со целните групи и пошироката јавност, Организација ЖЕНА Делчево ќе изготви посебна комуникациска стратегија која ќе одговара на потребите на организацијата но и на имплементацијата на овој стратешки план. Клучни цели кои Комуникациската стратегија на организацијата „Жена“ Делчево треба да ги има се:

- Зголемена видливост на активностите на организацијата „Жена“ Делчево
- Подобрување на комуникацијата со поддржувачите, партнерските организации и институции и корисниците на програмите, осносно комуникацијата со сите засегнати страни!
- Подобрување на имиџот на организацијата
- Воспоставување на одржлив, спроведлив и ефикасен систем на комуникација на организацијата

Остварувајќи ги клучните комуникациски цели, но и остварувајќи ги среднорочните планови на Организација ЖЕНА Делчево, имплементацијата на ваквата стратегија ќе и помогне на организацијата во следниве правци:

- Да го подобри својот имиџ во заедницата како организација со сериозни цели и долгорочна визија;
- Да поттикне што повеќе граѓани, организации и институции да иницираат нови проекти и соработка;
- Да имплементира осмислена комуникација со различни целни групи;
- Ефикасно да ги користи своите човечки и материјални ресурси;

- Да ги архивира и евалуира постигнатите резултати

**Клучни канали на комуникација** во следниот 5-годишен период ќе бидат:

- Социјални мрежи
- Електронска форма на комуникација: веб страница, е-маил комуникација, newsletter
- Класични медиуми: локални радио и ТВ станици
- Директна комуникација
- Промотивни материјали

8. План за прибирање средства (Буџет)

Најголем дел од средствата потребни за спроведување на оваа стратегија ќе бидат испланирани со програмските активности на Организацијата „Жена"-Делчево на годишно ниво. Според досегашната динамика на планирање, споредена со временскиот период на оваа Стратегија, буџетот би изнесувал помеѓу 7.000.000 и 9.000.000 мкд. за сите опфатени години.